**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**Бр. 16-6769/9**
**26.03.2015 година**
**С к о п ј е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), донесоа

# З А К Л У Ч О К

Се запира постапката поведена со писмо број 16-6769/7 од 18.03.2015 година за вршење на контролен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика извршија контролен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје на ден 25.03.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита(„Службен весник на Република Македонија” број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија” број 80/92, 09/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014 и 115/2014), подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа, а во поглед на постапувањето по Решението број 16-6769/3 од 01.09. 2014 година за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности утврдени на Записник број 16-6769/2 од 01. 09. 2014 година.

При контролниот инспекциски надзор на Записник број 16-6769/8 од 26.03.2015 година се констатира дека определените мерки од Решението 16-6769/3 од 01.09.2014 година на инспекторите за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика, во целост се спроведени, поради што согласно член 241-а став 7 од Законот за социјалната заштита, се донесе Заклучок како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 26.03.2015 година под број 16-6769/9.

**Упатство за правно средство:** против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита**
Виш инспектор, Благица Пирова
Инспектор, Зорица Цветковска